Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката
СКОПЈЕ

| Примено: | 01-09-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Ед. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 5196/1 | | |

( Образец ПП……)

**До: АД за стопанисување со станбен простор и со деловен простор**
**од значење за републиката**
**ул.Орце Николов бр.138**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од:„Здружение на граѓани за заштита на правата и интересите на вработените во државната администрација и заштита на државниот имот **ПРАВЕДНИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ" Скопје**, ул.Моцартова бр.35 општина Ѓорче Петров.

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: **Тинка Китеска**
од Скопје, со адреса на ул.Моцартова бр.35, тел: 075/253-802
e-mail: tinkakiteska@yahoo.com

______________________________________________________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1) Дали во текот на 2025 година од страна на вашето Акционерско друштво се водени постапки за запишување на правото на сопственост на име на РС Македонија и доколку се водени постапки колку државни објекти што биле незапишани Акционерското друштво успеало да ги запише на територијата на целата држава?

______________________________________________________________

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **(г) електронски запис**
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **(г) е-маил**
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 28.08.2025 година**

____________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474 тел: 3111-387

| наш знак | Ваш знак | дата |
|---|---|---|
| 02-5196/6 | | 19-09-2025 |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето 03-5196/1 од 01.09.2025 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр. 03-5196/1 од 01.09.2025 за пристап до Информации од јавен карактер, а во врска со прашањата дали во текот на 2025 година од страна на АДИССДП се водени постапки за запишување на правото на сопственост на име на РСМ и доколку се водени постапки, колку државни објекти што биле незапишани АДИССДП успеало да ги запише на територијата на целата држава

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во врска со Вашето барање 03-5196/1 од 01.09.2025 за пристап до Информации од јавен карактер, а во однос на прашањата дали во 2025 година од страна на АДИССДП се водени постапки за запишување на правото на сопственост на име на РСМ и доколку се водени постапки, колку државни објекти што биле незапишани АДИССДП успеало да ги запише на територијата на целата држава , согласно податоците добиени од страна на Сектор за стопанисување со станбен и деловен простор простор, Ве известуваме за следново:

Од страна на Секторот за стопанисување со станбен простор-Подружница Скопје се поведени повеќе постапки за евидентирање, изложување и запишување на имот на име Република Северна Македонија, но во овој момент не располагаат со прецизна бројка, поради тоа што станува збор за повеќе предмети од кои дел се веќе завршени и запишани, за дел се поднесени барања за одобрување во Агенцијата за катастар на недвижнини на РСМ, истовремено се поднесени и нови барања за премер и изработка на елаборати до Геофото Зенит ДОО Скопје.

Подружница Куманово во текот на 2025 година нема водено постапка за запишување на правата на недвижност на станбен и деловен простор во државна сопственост со кои стопанисува.

Подружница Струмица на ден 20.02.2025 година до Агенцијата за Катастар на недвижнини, Одделение за катастар на недвнижнини Гевгелија, поднесена е Пријава за запишување на недвижност со незапишани права за стан на ул. Маршал Тито бр.49, влез 1, призмје, стан бр.1 и подрум бр.1 во Гевгелија, каде што од Агенцијата за катастар издадена

им била потврда за одбивање на запишување на недвижности кои останале со незапишани права поради непододобност на правни основи бр.1126-36/2025.

Подружница Тетово во текот на 2025 година доставила до Државно правобранителство четири барања за запишувања на станови во сопственост на РСМ од кои еден подрум во Тетово, два стана(бараки) во Гостивар и еден во Вруток. За предметните станови постапката е сеуште во тек.

Подружница Кичево за периодот од 2025 година, има водено само една постапка за запишување на правото на сопственост на име на РСМ на државни објекти и тоа со Одлука бр.50-844/6 од 18.03.2025 година.

Подружница Кочани, согласно Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката-Скопје („Службен весник" бр.73 од 07.04.2025 година) на Министерството за финансии- Управа за јавни приходи му престанува користењето на недвижна ствар деловен простор, со површина од 271 м2 кој се наоѓа на ул. Никола Карев во Кочани КП 13700 КО Кочани, запишани во Имотен лист бр.12270 на име на Република Северна Македонија. Деловна зграда во стопанство бр.1, влез 1, кат 1, собност 9 со внатрешна површина од 241м2 и Деловна зграда вон стопанство бр.1, влез 3, кат ПО, собност 2 со внатрешна површина од 30м2. Согласно член 2 од оваа одлука овој простор се дава на трајно користење на Акционерското друштво со упис на Република Северна Македонија.

Подружница Штип за периодот од 2025 година, запишано е право на стопанисување на една недвижна ствар односно деловен простор запишан на Имотен лист бр.4844 КО Пробиштип со површина од 46м2.

Подружница Охрид за 2025 година има запишано еден имот односно деловен простор во Струга и тоа со Одлука бр.50-597/3 од 21.01.2025 година објавена во „Службен весник" на РСМ бр.14 од 23.01.2025 година, за давање на стопанисување на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од знчење на Републиката-Скопје, деловен простор кој се наоѓа на ул. Дољани бр.1 во Струга КП 2823/2 КО Струга.

Подружница Кавадарци за периодот во 2025 година, нема водено постапки за упис на недвижен имот на име на РСМ пред Агенцијата за Катастар на недвижности.

Подружница Велес исто така за периодот во 2025 година, нема водено постапки за упис на имот на име на Република Северна Македонија во Агенцијата за катастар на недвижнини.

Во Подружница Битола за 2025 година води постапки за запишување на правата на сопственост на име на РСМ и изработени се вкупно петнаесет елаборати, од кои 7 пријави се испратени за упис во Агенцијата за катастар на недвижности, три веќе се спроведени односно запишани на име на Република Северна Македонија.

И во Подружница Прилеп за периодот од 2025 година, спроведени се две постапки за упис на имот пред Агенцијата за катастар на недвижности, со право на сопственост во корист на РСМ.

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска